MACEDONIAN CENTRE FOR EUROPEAN TRAINING

MCET

Февруари 2014

Информативен документ

# РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА – ИСКУСТВА ОД ПРЕГОВАРАЧКИОТ ПРОЦЕС ВО ПОГЛАВЈЕТО 8 (ПОЛИТИКА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА)

**Бартоломеј Кајтази**

## СОДРЖИНА

I Краток преглед на односите на Хрватска со ЕУ ........2

II Политиката на заштита на конкуренцијата во ЕУ ........2

III Хрватска и политиката на заштита на конкуренцијата: Состојба пред започнување на преговорите за членство во ЕУ ........3

IV Спогодбата за стабилизација и асоцијација како наговестување на европскиот начин на примена на ПЗК ....4

V Текот на преговорите за членство во ЕУ во поглавјето 8 (Политика на Конкуренција) ........5

VI Натамошен развој на преговорите.....7

VII Заклучоци од преговарачкиот процес и можни препораки за Република Македонија ........8

## РЕЗИМЕ

**Процесот на преговарање за секоја држава кандидат е сложен процес, кој бара пред се многу голема посветеност и познавање на областите за коисе преговара. Македонија може да го искористи хрватското искуство на преговарање, со оглед на тоа што земјите имаат сличен систем на уредување како и слична околина. Хрватското искуство покажа дека не е потребно само техничко препишување на европските прописи туку и ефикасност на истите прописи.**

**Овој информативен документ дава преглед на хрватското искуство на преговарање за поглавјето 8, односно поглавјето посветено на политика на заштита на конкуренција. Документот содржи информации за текот на преговорите, започнувајќи од формирање на преговарачкиот тим и работната група. Истовремено дава и информации од скринингот, односно навлегува во содржината на преговорите, набројувајќи ги реперите при отворањето на поглавјето и реперите при затворањето на поглавјето 8. Поглавјето 8 е едно од потешките поглавја за преговарање и исполнување. Токму затоа при квалификација на тежината на поглавјата од (1 до 5), поглавјето 8 ја носи оценката 4. Во прилог на тоа оди фактот дека Хрватска која ги започна преговорите кон крајот на 2005 година поглавјето 8 го отвори дури во 2010 година и истото го затвори во пакет со други две комплексни поглавја (23 судство и темелни права и 33 финансиски и буџетски одредби) како последно во 2011 година.**

**Хрватското искуство може да биде корисно и за Македонија, која ќе треба да го изоди истиот пат.**

## I Краток преглед на односите на Хрватска со ЕУ

Преговорите за полноправно членство во ЕУ, Хрватска ги започна на 3-ти октомври 2005 година во Луксембург. Нивниот почеток беше одбележан со одржување на првата меѓувладина конференција помеѓу државите членки на ЕУ и Хрватска. Преговарачкиот процес се одвиваше по 35 поглавја (за прв пат во историјатот на преговорите) со воведување на услови за отварање и затварање на поглавјата т.н. “opening benchmarks” (23 на број во 11 поглавја) и “closing benchmarks” (104 во 31 поглавје) и со правилото дека ништо не е договорено, додека сè не се договори.

Преговорите по поглавјата траеа до 30-ти јуни 2011 година кога се затворени последните 3 поглавја (8-то Политика на заштита на конкуренцијата, 23-то -Правосудство и темелни права и 33-то Финансиски и буџетски одредби). Договорот за придружување на Хрватска во ЕУ и Европската Агенција за Атомска Енергија е потпишан на 9 декември 2011 година. По ратификувањето на истиот од страна на 27-те членки на ЕУ, на 1-ви јули 2013 година Република Хрватска стана 28-та членка на ЕУ.

## II Политиката на заштита на конкуренцијата во ЕУ

Политиката на заштита на конкуренцијата (натаму ПЗК) која се состои од контролата на однесувањата на стопанствениците на пазарот (antitrust-антимонопол, злоупотреба на доминантната положба на пазарот) и контролата на доделената државна помош, како една од фундаменталните компоненти за осигурување на отворен натпревар на единствениот внатрешен пазар е вклучена од самото формирање на Европската заедница. Согласно со членот 3 од договорот за основање на Европската заедница во 1958 година, воспоставувањето на правилата за заштита на конкуренцијата е неопходно за

***Македонскиот центар за европско образование (МЦЕО)*** *е невладина, непрофитна, неполитичка, тинк-тенк организација основана во декември 2002 годината од страна на 23 обучувачи за ЕУ сертифицирани од InWEnt од Бон и Институтот за европски политики од Берлин, Сојузна Република Германија. Мисијата на МЦЕО е да го поддржи пристапувањето на Република Македонија во ЕУ и европеизацијата на општеството преку професионална обука и советување, развој на применливи политики засновани на докази, застапување за промени и регионална соработка.*

*Од своето основање, МЦЕО има испорачано приближно од 1300 денови обука за различни ЕУ теми за приближно 6000 претставници на јавна администрација, медиуми, граѓански организации, судии и обвинители, членови на политички партии, локални администрации, итн.*

*Во последните 7 години, МЦЕО го смени својот фокус од институт за обука во тинк-тенк организација со надеж дека ќе го намали очигледниот недостиг на експертиза во државата во полето на креирање јавни политики кои се во линија со ЕУ. Последните студии и брифови за применета политика што се објавени се: „Лисабон-Скопје-Солун: пет причини зошто Македонија треба да ги почне преговорите“, „Предавници, платеници и сендвич демонстранти: граѓанскиот активизам во македонскиот јавен дискурс“, „Прекутрупа во Европа – истражување за искористувањето на Програмите на Заедницата во Македонија“, „Македонија и Бугарија – Толку блиски, а сепак толку далечни“, „Пристапувањето во ЕУ и сиромаштијата во Македонија“, „Ветувања, ветувања“ итн.*

*МЦЕО го следи и процесот на пристапување и досега има објавено 19 извештаи кои можат да се симнат од нашиот вебсајт: mcet.org.mk.*

*Во последните 5 години, МЦЕО работи со медиумите со цел да го подобри известувањето за пристапниот процес на Македонија и изготвува алатки за да им помогне да разберат дека пристапувањето во ЕУ всушност е внатрешна, а не надворешна политика.*

функционирањето на внатрешниот пазар и спроведувањето на оваа политика е во ексклузивна компетенција на ЕУ, освен во делот на антимонополското однесување каде ја дели надлежноста со националните агенции за заштита на конкуренцијата. Според тоа улогата на политиката за заштита на конкуренцијата како инструмент за создавање на единствениот пазар е од огромно значење за разбирање на правото за конкуренција на Европската Заедница. Тоа се разликува и го чини единствено правото на ЕУ во однос на правото за заштита на конкуренцијата во било која друга држава, па дури и во самите земји членки на унијата. ПЗК е подредена кон заштита на конкуренцијата помеѓу стопанските субјекти како што е тоа случај и во останатите земји со пазарна економија, но и кон создавањето на единствениот европски пазар кој како цел е доста сложен и макотрпен потфат. Основата на ПЗК е утврдена со следните прави одредби:

Забрана на склучување на договори помеѓу претпријатијата или здруженија на претпријатија кои влијаат или може да влијаат на трговијата помеѓу државите членки , и кој за цел имаат спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата на внатрешниот пазар (член 81 од договорот за формирање на Европската заедница);

Забрана за злоупотреба на доминантната положба која претпријатијата може да ја имаат на заедничкиот пазар (член 82);

Забрана за давање на државна помош која ја одобруваат државите членки , чија последица би била ставањето во повластена положба на одредени субјекти или процеси на производство и кој ја нарушуваат или може да ја нарушат конкуренцијата на внатрешниот пазар (член 87 од договорот);

Забрана за донесување на мерки кој се во спротивност со членовите 81-89, а кој на претпријатијата на кој им се гарантирани посебни или исклучиви права би ги довела во поповолна позиција на внатрешниот пазар.

## III Хрватска и политиката на заштита на конкуренцијата: Состојба пред започнување на преговорите за членство во ЕУ

Со напуштањето на т.н. планска економија од поранешниот систем и преоѓањето на пазарно ориентирано стопанство по прогласувањето на независноста, Хрватска постепено почна да ги воведува инструментите за регулација (законодавна рамка) и контрола (организациона поставеност) на новиот начин на функционирање на пазарот. Лимитирачки фактор за побрзата трансформација на системот беше фактот дека од прогласувањето на независноста во 1991 година се до август 1995 година Хрватска се наоѓаше во воена состојба и не беше во можност да ја развива економската политика на целата своја меѓународно признаена територија.

Со воспоставувањето на целовитоста на својата државност, а согласно со остварување на стратешките цели за интеграција во евро-атланските институции Хрватска започна со суштински реформи на општествениот систем со цел исполнување на условите неопходни за остварување на поставените цели.

Како една од основните компоненти со која се остварува непречено функционирање на слободниот пазар е политиката на заштита на конкуренцијата. Основна задача на оваа политика е да обезбеди рамноправна положба на стопанските субјекти на пазарот, без разлика на големината, пазарната сила и другите карактеристики. Заштитата на пазарното натпреварување подразбира и постоење на систем за надзор на политиката за доделување на државна помош на ниво на централна, регионална и локална власт.

Поради значењето на оваа политика, заштитата на конкуренцијата е подигнато на ниво на уставна категорија. Првиот закон со кој се регулира оваа материја е донесен во 1995 година кога Хрватскиот парламент го усвои Законот за заштита на конкуренцијата. Во

законот се вметнати основните правила за пазарно натпреварување кој важат во ЕУ и е осигурана независност на институцијата која ќе го спроведува законот. Таа институција (**Agencija za zaštitu tržišnog natjecanja-AZTN**) е формирана со одлука на парламентот на 20-ти септември 1995 година, а со работа започнува во 1997 година. Агенцијата е конституирана како правен субјект со јавни овластувања која самостојно и независно врши работи согласно со законските одредби за што одговара само пред парламентот. До 2003 година Агенцијата беше надлежна за спроведување на Законот за заштита на конкуренцијата, а со усвојувањето на Законот за државна помош надлежноста за спроведување на овој закон е приклучен на постојните овластувања и тоа во областа на одобрување за давање на државна помош и враќање на незаконски доделената државна помош.

Што се однесува до самиот Закон за заштита на конкуренцијата, иако беше втемелен на основните правила за заштита на конкуренцијата на Европската заедница, а посебно на членовите 81 и 82 од договорите за основање на Европската Заедница, тој сепак не ги применуваше сите одредби и решенија на современото европско законодавство и како таков не можеше да гарантира ефикасна заштита на економските субјекти на пазарот.

## IV Спогодбата за стабилизација и асоцијација како наговестување на европскиот начин на примена на ПЗК

Со потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација во 2001 година, односите помеѓу Хрватска и земјите на ЕУ се подигнаа на новоинституционално ниво. Како една од најважните одредби на тој договор покрај исполнувањето на политичките критериуми е и обврската на државата аспирант за членство во ЕУ да во одреден временски период изврши хармонизација на своето законодавство со правото на ЕУ (acquis communautaire). Согласно превземените обврски во јуни 2003 година е донесен новиот ЗЗК кој стапи на сила во октомври истата година. Во законот се содржани одредбите на правото на ЕУ за заштита на конкуренцијата (погоре наведените 4 одредби), постапките и методите за имплементација на политиката и овластувањето на владата на Хрватска, која попредлог на советот на Агенцијата за заштита на конкуренцијата донесува подзаконски акти со кој ќе се осигура понатамошното хармонизирање на законодавството со она на ЕУ. Важно е да се спомене дека со потпишувањето на ССА, Хрватска се обврзала за речиси моментална примена на европското право во обласата на Законот за конкуренција и на контрола на државната помош вклучително и во случаите кога се работи за правни постапки кој имаат влијание на трговијата со државите членки на ЕУ, правото на ЕУ во одредената област има првенство во однос на националното законодавство. Понатаму со спогодбата, Хрватска ја превземала обвската да ги применува инструментите за толкување на одредените политики што подразбира усвојување на т.н. секундарно законодавство на ЕУ (регулативи, директиви, мислења и препораки) и судската пракса т.е одлуките на Европскиот суд за правда (Court of Justice) и одлуките на Европската комисија .

Во делот на државната помош, исто така како последица на потпишаната спогодба со Законот за државна помош од 2003 година воспоставен е систем на државни поддршки по примерот на системот кој важи и во ЕУ назначувајќи ја Агенцијата за Законот за конкуренција како независно тело задолжено за одобрување, надзор на спроведувањето и повраток на државната помош. Исто како и со ЗЗК и со законот за државна помош е предвидено да владата по предлог на Агенцијата ги донесува подзаконските акти со кој се врши понатамошна хармонизација со правото на ЕУ.

Во подрачјето на давањето на државна помош во Хрватска времетраењето на хармонизација со правото на ЕУ ќе биде релативно кратко, но усогласувањето на целите односно структурата

на доделената помош со предност на давање на помош за хоризонтални цели (истражување и развој, мало и средно претприемаштво, заштита на природната околина, вработување и усовршување итн.), наспроти секторските субвенции,ќе биде причина Хрватска преговорите за поглавјето 8 да ги води со големи потешкотии и истото да го затвори последно во 2011 година.

## V Текот на преговорите за членство во ЕУ во поглавјето 8 (Политика на Конкуренција)

Како што беше наведено погоре, Хрватска преговорите за полноправно членство во ЕУ ги започна на 3-ти октомври 2005 година, а т.н. скрининг процес започна на 20-ти октомври 2005 година и траеше до 18-ти октомври 2006 година.

Во Табела 1 се дадени податоци за состојбата на пристапните преговори за поглавјето 8.

| Датум | Настан |
|---|---|
| 7.04.2005 г. | Формиран преговарачкиот тим и структурата на преговорите |
| 8-9.11.2005 г. | Појаснувачки скрининг (презентација на acquis-от) |
| 5-6.12.2005 г. | Билателарален скрининг (презентација на националната легисласива) |
| 10.05.2006 г. | Европската комисија –извештај за спроведениот скрининг* |

Табела 1

Преговарачкиот тим за поглавјето 8 го именувала владата на Хрватска со задача за подготовка за партиципација во скрининг процесот и подготвување на нацрт-прделогот за преговарачките позиции на Хрватска за поглавјето 8. За член на преговарачката група од поглавјето 8 е избрана г-ѓа Олгица Спевец, долгогодишен претседател на Агенцијата за заштита на конкуренцијата, а за водител на работната група е поставена г-ѓа Маријана Лист, адвокат специјализиран за правната проблематика поврзана со контрола на државната помош. Во составот на работната група биле вклучени претставниците од министерствата поврзани со оваа проблематика (финансии, економија, земјоделство итн.), претставници на стопанските комори, на Агенцијата за заштита на конкуренцијата, фондот за приватизација, националната банка и претставници на секторот за бродоградителство како и претставници на академската заедница (факултети, економски институти итн.).

| Структура | Улога во преговарачкиот процес |
|---|---|
| Преговарачка група | Задолжена за стручното и техничкото ниво на преговорите со институциите на ЕУ и државите членки по сите преговарачки поглавја. Групата ги разгледува и усвојува нацрт-предлозите за преговарачките позиции и ги упатува на телото кое е надлежно за координација за преговорите и го известува државното претставништво и владата за состојбата на преговорите. Членовите на групата се задолжени за координација на работните групи, учествуваат во преговорите и се одговорни за изработката на преговарачките позиции и изработка на извештаите за текот на преговорите. Задолжени се постојано да се во контакт со главниот преговарач и по негов налог да се вклучат во одредените настани во преговарачкиот процес. |
| Работна група | Учество во аналитичкиот преглед и оценката за усогласеноста на законодавството на Хрватска со правото на ЕУ и изработка на нацрт-предлогот за преговарачката позиција по поглавјето, со поддршка на деловите на државната управа и другите субјекти кој се носители на поединечните поглавја. Раководителот на работната група во договор со членот на преговарачката група раководат со активностите на групата. Дополнително задача на работната група е да се грижи за транспарентноста на процесот на преговорите како и на давањето на информации, подигање на свеста за поединечната политика и едукација. |

Табела 2

Европската комисија при претставување на извештајот за спроведениот скрининг им предложила на државите членки на ЕУ

одредување на четири услови (opening benchmarks) за отварање на ова поглавје и тоа:

| | |
|---|---|
| 1 | Хрватска треба да усвои национална програма за реконструкција на секторот за челик, прифатен од страна на Комисијата, во склоп со одредбите на членот 5, став 3, протокол 2, за производи од челик на Спогодбата за стабилизација и асоцијација |
| 2 | Хрватска треба да усвои индивидуални планови за реконструкција на секое бродоградилиште во тешкотии во согласност со одредбите од член 70 од ССА. Овие планови треба да бидат прифатени од Комисијата. |
| 3 | Хрватска треба да го прилагоди Законот за данок на добивката, Законот за поттикнување на вложувањата и Законот за слободни зони со прописите на ЕУ за државна помош во согласност со одредбите од членот 70 од ССА. Се налага изработување на Акциски план кој ќе биде прифатен од Комисијата со јасна временска рамка за усогласување на сите преостанати програми за државна помош кои произлегуваат од обврските одредени во член 70 од ССА. |
| 4 | Хрватска треба да обезбеди транспарентност на системот за доделување на државна помош со довршување на сеопфатен попис на сите мерки за државна помош на сите останати сектори (алуминиум и останати метали, текстил, кожа и обувки, автомобилски сектор и туризам) |

Табела 3

Освен одредувањето на четирите репери или услови за отварање на ова поглавје (сите се однесуваат на делот за давање на државната помош), Европската комисија во својот извештај ги нотира и следниве забелешки од доменот на заштита на конкуренцијата:

| | |
|---|---|
| 1 | Законот за конкуренција донесен во 2003 година е недоволно усогласен со правото на ЕУ во следните делови:<br>1. Потребно е да се спроведе општа доработка на одредбите на законот;<br>2. Потребно е да се воспостави единствен режим на Законот за конкуренција со што ќе се обезбеди примена на законот во сите сектори, особено во секторот на телекомуникации и банкарство;<br>3. Да се укинат одредбите на Законот за управна постапка со која на владата и се дозволува да ги преиначува одлуките на Комисијата за Законот за конкуренција;<br>4. Промена на законот со кој на КЗК ќе и се додели правото да изрекува казни и ја применува т.н. leniency програма за целосно или делумно ослободување на учесниците на картелот кој ќе го пријават постоењето на истиот;<br>5. Воведување на нов систем за одредување на казните во правец на одвраќање на прекршување на законот. |
| 2 | Да се зајакне административниот капацитет на КЗК, расположливиот буџет и да се обезбеди независноста на Комисијата при одлучување. |
| 3 | 1. Во областа на концентрациите потребна е подетална економска и правна анализа на донесените одлуки;<br>2. Фокусирање на откривањето на најтешките облици на кршење на Законот за конкуренција т.е. откривањето на картелното здружување и злоупотреба на доминантната положба. |

Табела 4

Доплнително во делот на државната помош се нотираат следниве забелешки:

| | |
|---|---|
| 1 | Во самиот Закон за државна помош:<br>1. Одземање на правото на владата да ги преиначува одлуките на Комисијата;<br>2. Составот за надзор на доделената помош е недостатен;<br>3. Општа доработка на одредбите на законот;<br>4. Практиката на дополнително одобрување на веќе доделената помош мора да е исклучок, а не правило (приоритет на ex ante одобрување);<br>5. План за реструктурирање на субјектите кои примаат државна помош во облик на опростување или репрограмирање на долговите;<br>6. Зајакнување на административните капацитети во делот на државната помош. |
| 2 | Правила за референтни/дисконтни стапки и каматните стапки при поврат - неусогласено со правото на ЕУ |
| 3 | Финансиски трансфери на јавни претпријатија- неусогласено со правото на ЕУ |
| 4 | Државни гаранции - неусогласено со правото на ЕУ |
| 5 | Продажба на јавно земјиште - неусогласено со правото на ЕУ |
| 6 | Извозно кредитни осигурувања - неусогласено со правото на ЕУ |
| 7 | Фискални потпори и дирекно оданочување на добивката - неусогласено со правото на ЕУ |
| 8 | Правила за оценување на државната помош со хоризонтални цели и регионална помош-неусогласено со правото на ЕУ |
| 9 | Државни субвенции за санациии и реконструирање (челик и бродоградителство) - неусогласено со правото на ЕУ |
| 10 | Приватизација - неусогласено со правото на ЕУ |
| 11 | Поштенски услуги - усогласено со правото на ЕУ |
| 12 | Радиотелевизиско емитување - усогласено со правото на ЕУ |
| 13 | Аудиовизуелно производства - усогласено со правото на ЕУ |

Табела 5

Во однос на либерализацијата како трет сегмент на политиката на заштита на конкуренцијата, а се однесува на постоење на систем кој на јавните претпријатија и на претпријатијата на кој им се дадени ексклузивни или специјални права ќе им оневозможи да предизвикаат нарушување на пазарниот натпревар на внатрешниот пазар (либерализацијата на поедини сектори е опфатена во другите релевантни поглавја) во моментот кога се започнати преговорите е оценета како недоволно усогласена со легислативата на ЕУ.

| | |
|---|---|
| 1 | Во националното законодавство треба да се дефинира опсегот на услугите од општ стопански интерес; |
| 2 | Хрватска треба да осигура дека прописите за заштита на конкуренција и на државната помош ќе се применуваат на јавните претпријатијата и на претпријатијата со специјални и исклучиви овластувања согласно одредбите на членот 86 од договорот за Европската Заедница и дефиницијата на стопанственик која произлегува од правото на ЕУ; |
| 3 | Хрватска треба да осигура дека ќе се применуваат прописите на ЕУ во однос на транспарентноста на финансиските односи помеѓу јавните претпријатија и државните тела кој имаат контрола или управувачка улога. |

Табела 6

## VI Натамошен развој на преговорите

Во периодот од одредувањето на условите за отварање на поглавјето во 2006 година до моментот кога е отворено поглавјето, Хрватска ги донесе следниве закони и потребни документи:

1. Нов Закон за Заштита на Конкуренцијата (донесен во јуни 2009 година, стапил на сила на 1.10.2010 година) и потребни уредби за спроведување на законот;
2. Нов Закон за Државна Помош ( 2005 година) и уредби за спроведување на законот;
3. Регионална карта за помош- поделба на државата изработена во согласност со NUTS стандардите за класификација;
4. Усвоена е национална програма за реконструкција на секторот за челик согласно критериумите кој произлегуваат од ССА (2007 година);
5. Во 2008 година усвоени се Закони за слободните технолошко развојни зони, за развој на планинско-брдовити региони, за реконструкција и развој на градот Вуковар и Законот за региони со специјално значење за државата;
6. Усогласени се Законите од фискалната категорија со правото на ЕУ(2008 година);
7. Прв обид за приватизација на бродоградилиштата (2009 година);
8. Прв драфт на Преговарачките позиции за поглавјето 8 (2009 година);
9. Во 2009 година продолжени се напорите за реконструкција на бродоградилиштата и корекциите на предлогот на преговарачките позиции (направени се повеќе од 30 верзии).

Во табелета 7 е прикажана и хронологијата на пристапните преговори за поглавјето 8.

| Датум | Настан |
|---|---|
| 30.06.2008 г.од, | Хрватска на Европската комисија и доставува документација за исполнување на два benchmark-а, а дополнителната документација за состојбата во поглавјето е доставена на 25.07.2008 година |
| 30.03.2010 година | Шпанското претседателство со ЕУ, како резултат на претходното позитивно мислење на Европската комисија за задоволување на сите предуслови за отварањето на поглавјето 8 ја повикала Хрватска да ги достави преговарачките позиции по ова поглавје. |
| 01.04.2010 година | Хрватска ги усвојува преговарачките позиции за поглавјето 8 и ги предава на шпанското претседателство со ЕУ. |

Табела 7

На 25.06.2010 година ЕУ го усвојува заедничкиот став на ЕУ за поглавјето 8, во кое ги утврдува четирите мерила (closing benchmarks) за затварање на предметното поглавје и тоа:

| | |
|---|---|
| 1 | Хрватска треба да продолжи со јакнење на административните способности и да покаже задоволителна имплементација на прописите од Закон за конкуренција; |
| 2 | Хрватска треба да го доврши усогласувањето на законодавството со правото на ЕУ; |

| | |
|---|---|
| 3 | Хрватска треба да донесе ажурирана национална програма за реструктуирање на секторот за челик и поединечни работни планови, прифатени од страна на Европската комисија, а се во склад со барањата содржани во Протоколот 2 за производи од челик од Спогодбата за стабилизација и асоцијација; |
| 4 | Хрватска треба да обезбеди полно почитување на правилата на ЕУ за доделување на државна помош во секторот на бродоградителство, а посебно за: <br>• секое бродоградилиште во потешкотии мора да биде усвоен план за реструктуирање усогласен со правото на ЕУ и прифатен од страна на КЗК и Европската комисија; <br>• ниедно бродоградилиште не смее да пифати нови нарачки се додека плановите на реструктурирање не бидат прифатени од страна на КЗК; <br>• во случај да некое бродоградилиште не биде во состојба да поднесе прифатлив план за реструктурирање, Хрватска за истото ќе мора да изготви стечаен план во склад со националното законодавство, прифатен од страна на КЗК и Европската комисија. На тие бродоградилишта нема да им се дозволи примање на нови порачки и ќе им биде дозволено да примаат државна помош само за довршување на постојните порачки. |

Табела 8

Полавјето 8 е отворено на 30-ти јуни 2010 година со одржување на седницата на меѓувладината конференција во Брисел, а затворено на истиот датум една година подоцна со претходно доставени известувања за исполнување на произлезените обврски за поглавјето 8 и прифаќање на правото на ЕУ кое е на сила од 1-ви јуни 2011 година до датумот на нејзиното пристапување во ЕУ.

Како додаток на заедничкиот став на ЕУ за затварање на поглавјето 8 е усвоен протоколот за реструктурирање на секторот на бродоградетелство и протоколот за реконструкција на секторот на челик во кој директно се наведуваат клучните обврски кој се превземани во овие области, начинот на нивно следење и последиците од неисполнувањето на обврските во согласност со утврдените услови и предвидените рокови. Истите протоколи се содржани во анексот XIII и IX, на актот за пристапување на Хрватска во ЕУ.

## VII Заклучоци од преговарачкиот процес и можни препораки за Република Македонија

Во преговорите за пристапување на една држава во ЕУ, политиката на конкуренција е еден од најважните делови на правото на ЕУ т.н. acquis. Не случајно во квалификацијата на тежината (од 1 до 5) на одредени поглавја, поглавјето 8 ја носи оценката 4. во прилог на тоа е фактот дека Хрватска која ги започна преговорите кон крајот на 2005 година поглавјето 8 го отвори дури во 2010 година и истото го затвори во пакет со други две комплексни поглавја (23 судство и темелни права и 33 финансиски и буџетски одредби) како последно во 2011 година. Овие податоци укажуваат дека се работи за навистина сложена проблематика која иако правно е компонирана од неколку членови од основачките договори, серија на регулативи, директиви, насоки и одлуки на Европската комисија и на Европскиот суд на правда, е комплицирана за организација и имплементација и бара широк консензус на т.н. создавачи на политиката за нејзина примена и позитивен резултат. Тој позитивен резултат е пресуден за развој на една отворена, пазарно регулирана економија каде притисокот на пазарниот натпревар помеѓу претпријатијата дава бенефити за крајниот потрошувач во облик на поразновиден избор, квалитет и поевтини цени. Но не само тоа, политиката на конкуренција, секако правилно и бескомпромисно спроведена предизвикува развој на иновациите и технолошкиот напредок, ангажирајќи ги најквалитетните поединци од научната и бизнис заедница и придонесувајќи за општата развиеност и просперитет на едно општество.

Република Хрватска уште од своето осамостојување, членството во ЕУ го постави на ниво на најважна стратешка цел. Определбата за изградбата на функционална пазарна економија како еден од основните предуслови на членство, неминовно бараше воведување на политиката на заштита на конкуренција како една од нејзините основни

компоненти. Првиот чекор е направен во 1995 година кога е донесен првиот ЗЗК но неговото компонирање и опсег на употреба е карактеристичен за една држава која направила премин од т.н. планска во пазарна економија.

Менувањето на свеста дека за развој на “нерегулиран“ од страна на државата, пазарен натпревар е тежок процес. Постоењето на независна и од парламентот контролирана Агенција за спроведување на законот е уште еден тежок залак за проголтување во држави каде владата е ‘‘командант‘‘ на сите случувања и процеси во општеството. И конечно спрегата помеѓу власта и големите добитници на транзицијата беше и сеуште е силна да ги блокира и отежнува сите инструменти кој се создадени за да обезбедат транспарентно спроведување на т.н. европски политики.

Тоа е основната и единствената порака до нашата јавност при аргументирањето зошто треба да се пристапи кон европските интегративни процеси и која е целтана имплементација на тие политики во секојдневниот живот. Целата низа на политики на кои почива уредувањето на Европската унија го става граѓанинот на централно место, од кој произлегува целиот суверенитет на институциите и следствено сите политики се креирани за подобрување на неговиот живот и создавање услови за понатамошен успешен развој. Ако се разбере оваа суштинска придобивка, значи дека општеството веќе го достигнало потребното ниво на развој и дека самиот процес на преговарање ќе се сведе на обично техничко ниво (како на пример со преговорите на Австрија, Шведска и Финска) во кој ќе се констатира или евентуално дополни комплементарноста на националното законодавство со европската правна регулатива или ако го употребиме хрватскиот збор за овој термин со “pravna stečevina” на ЕУ.

Литература:


1. Kako smo pregovarali (2005-2011), Ministarstvo vanjskih i europskih poslova R. Hrvatske
2. Olgica Spevec ,Uloga prava i politike tržišnog natjecanja u procesima približavanja Republike Hrvatske Europskoj Uniji, Zagreb;
3. Jasminka Pecotić Kaufman, Pravo i politika tržišnog natjecanja u kontekstu približavanja Europskoj uniji s posebnim osvrtom na hrvatsku kartelnu politiku, Akademija za politički razvoj, MedILS, Split, 26.10.2007;
4. Zbornik radova “Pridruživanje Hrvatske Europskoj uniji- Izazovi sudjelovanja Četvrti svezak, Institut za javne finansije, Zaklada Friedrich Ebert, Zagreb,2007
5. Marina Kesner-Škreb, What will happened to state aid in Croatia after EU accession? Institute of Public Finance, Zagreb, 2012
6. Marina Škrabalo, Mirna Vlašić Feketija, Croatian Accession Negotiations- Characteristics, Strategies & Experiences, Skopje, 6-7 May 2012;
7. Mr. sc. Marijana Liszt, Croatian negotiations on chapter 8- Competition Policy, Ohrid, 23 November 2012

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКО ОБРАЗОВАНИЕ

*„Мајаковски“ 4/2; 1000 Скопје*
*РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*
*Телефон/Факс:*
*+38923217512; +38923217513*

*Е-пошта:*
*mcet@mcet.org.mk*
*Вебсајт:*
*www.mcet.org.mk*